**неофицијален превод од англиски**

Обединети нации

CRPD/C/GC/5

# Конвенција за правата на лицата со попреченост

Дистр.: Општа
27 октомври 2017

Оригинал: англиски

**Комитет за правата на лицата со попреченост**

## Општ коментар бр. 5 (2017) за самостојно живеење и вклученост во заедницата

## I. Вовед

1. На лицата со попреченост историски им се одрекувал нивниот личен и индивидуален избор и контрола врз сите области од нивниот живот. За многу од нив се претпоставува дека не се способни да живеат самостојно во заедница по свој избор. Поддршката или е недостапна или врзана за одредени типови на живеење, а комуналната инфраструктура во заедницата не е универзално дизајнирана. Ресурси се вложуваат во институции, наместо да се развиваат можности лицата со попреченост да живеат самостојно во заедницата. Ова доведе до напуштање, зависност од семејството, институционализација, изолација и сегрегација.

2. Член 19 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост го признава еднаквото право на сите лица со попреченост да живеат самостојно и да бидат вклучени во заедницата, со слобода на избор и контрола врз својот живот. Основа на овој член е темелниот принцип на човековите права дека сите човечки суштества се раѓаат еднакви во достоинство и права и дека секој живот е подеднакво вреден.

3. Член 19 нагласува дека лицата со попреченост се субјект на права и се носители на права. Општите принципи на Конвенцијата (чл.3), особено почитувањето на достоинството, автономијата и самостојноста на поединецот (член 3 (а)) и целосното и ефективно учество и вклучување во општеството (член 3 (в)), се основата на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. Другите принципи зацртани во Конвенцијата се исто така неопходни за толкување и примена на член 19.

4. Самостојното живеење и инклузивен живот во заедницата се идеи кои се историски произлезени од лицата со попреченост кои бараат да имаат контрола врз начинот на кој живеат преку создавање на зајакнувачки форми на поддршка, како што е личната асистенција и условите во заедницата да се усогласени со принципите на универзален дизајн.

5. Во преамбулата на Конвенцијата, државите членки препознаваат дека многу лица со попреченост живеат во сиромаштија и ја нагласуваат потребата да се адресира влијанието на сиромаштијата. Трошокот на социјалната исклученост е висок бидејќи ја вкоренува зависноста и на тој начин ги попречува индивидуалните слободи. Социјалната исклученост, исто така, предизвикува стигма, сегрегација и дискриминација, што може да доведе до насилство, експлоатација и злоупотреба,

покрај негативни стереотипи кои придонесуваат кон циклусот на маргинализација на лицата со попреченост. Политиките и конкретните планови за акција за социјално вклучување на лицата со попреченост, вклучително и преку унапредување на нивното право на самостојно живеење (член 19), претставуваат исплатлив механизам за обезбедување на уживање на правата, одржливиот развој и намалување на сиромаштијата.

6. Овој општ коментар има за цел да им помогне на државите членки во спроведувањето на член 19 и исполнувањето на нивните обврски според Конвенцијата. Тој се осврнува првенствено на обврската да се обезбеди уживање на секое лице на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата, но исто така се однесува и на други одредби од Конвенцијата. Членот 19 е еден од најшироките и најпрепознатливите од Конвенцијата и мора да се смета како клучен за целосното спроведување на Конвенцијата.

7. Член 19 содржи граѓански и политички, како и економски, социјални и културни права и е пример за меѓуповрзаноста, меѓузависноста и неделивоста на сите човекови права. Правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата може да се оствари само ако се исполнети сите економски, граѓански, социјални и културни права зацртани во оваа норма. Меѓународното право за човекови права наметнува обврски кои се применуваат веднаш и други кои може да се реализираат прогресивно.[1] Целосното остварување, исто така, бара структурни промени кои можеби ќе треба да се преземаат во фази, без разлика дали се во прашање граѓански и политички или социјални, економски и културни права.

8. Член 19 ја одразува различноста на културните пристапи кон човековото живеење и обезбедува неговата содржина да е непристрасна кон одредени културни норми и вредности. Самостојното живеење и вклученост во заедницата е основен концепт на хумано живеење низ целиот свет и се применува во контекстот на попреченост. Тоа значи остварување на слобода на избор и контрола врз одлуките кои влијаат врз животот на еден човек со максимално ниво на самоопределување и меѓузависност со општеството. Ова право мора ефективно да се остварува во различни економски, социјални, културни и политички контексти. Правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата се однесува на сите лица со попреченост, без оглед на раса; боја; потекло; пол; бременост и мајчинство; граѓанска, семејна или старателска положба; родов идентитет; сексуална ориентација; јазик; вероисповед; политичко или друго мислење; национално, етничко, домородно или социјално потекло; статус на мигрант, баратeл на азил или на бегалец; припадност на национално малцинство, економска или имотна состојба; здравствен статус; генетска или друга предиспозиција кон болест; раѓање и возраст, или кој било друг статус.

9. Правото содржано во член 19 е длабоко вкоренето во меѓународното право за човекови права. Универзалната декларација за човекови права во член 29 (1) ја нагласува меѓузависноста на личниот развој на поединецот и социјалниот аспект да се биде дел од заедницата: "Секој има обврски кон заедницата која единствено овозможува слободен и целосен развој на неговата личност". Членот 19 ги има своите корени во граѓанските и политичките, како и економските, социјалните и културните права: правото на слобода на движење и слобода на избор на живеалиште (член 12 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права) и правото на соодветен стандард на живеење, вклучувајќи соодветна облека, храна и домување (член 11 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права) и основните права за комуникација ја сочинуваат основата на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. Слободата на движење, соодветениот стандард на живеење, како и способноста да разбереш и твоите преференции, избор и одлуки да

[1] Види Комитет за економски, социјални и културни права, општ коментар бр. 3 (1990) за природата на обврските на државите членки 3, став 1-2.

бидат разбрани, се неопходни услови за човечко достоинство и слободен развој на личноста.[2]

10. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените ја нагласува еднаквоста на жените и мажите и ја осудува дискриминацијата врз жените во сите нејзини форми (член 1). Конвенцијата ја потврдува еднаквоста помеѓу жените и мажите во правните работи, вклучувајќи ја и правната способност и можноста таа да се остварува (член 15 (2)). Исто така, таа бара од државите членки да ги признаат истите законски права во врска со движењето на лицата и слободата на избор на место на престој и живеалиште (член 15 (4)).

11. Член 9 (1) од Конвенцијата за правата на детето бара од државите членки "да обезбедат детето да не биде одвоено од неговите или нејзините родители против нивната волја, освен кога надлежните органи врз основа на судски увид, во согласност со соодветен закон и процедури, одлучат дека таквото разделување е неопходно и во најдобар интерес на детето". Државите членки на оваа конвенција "им пружаат соодветна помош на родителите и на законските старатели во извршувањето на одговорностите за одгледување деца", како што е загарантирано со член 18 (2). Покрај тоа, член 20 (1) утврдува дека "дете кое е привремено или трајно лишено од неговата семејна средина или во чијшто најдобар интерес е да не му се дозволи да остане во таа средина има право на посебна заштита и помош од страна на државата "и член 20 (2) дека "државите членки во согласност со нивните национални закони обезбедуваат алтернативна грижа за таквото дете". Алтернативна грижа обезбедена врз основа на попреченост би била дискриминаторска.

12. Член 23 (1) понатаму утврдува дека сите деца со попреченост треба да уживаат достоинствен живот во услови кои обезбедуваат самодоверба и овозможуваат активно учество во заедницата. Комитетот за правата на детето изрази загриженост за големиот број на деца со попреченост сместени во институции и ги повика државите членки, преку програми за деинституционализација, да ја поддржат нивната можност да живеат во своето, пошироко или згрижувачко семејство.[3]

13. Еднаквоста и недискриминацијата се основни принципи на меѓународното право за човекови права и се содржани во сите темелни инструменти за човекови права. Во својот општ коментар број 5 (1994) за лица со попреченост, Комитетот за економски, социјални и културни права нагласува дека "сегрегацијата и изолацијата предизвикана преку наметнување на општествени бариери" се сметаат за дискриминација. Исто така, во однос на член 11, тој нагласува дека правото на соодветен животен стандард не вклучува само еднаков пристап до соодветна храна, пристапно сместување и други основни материјални барања, туку и достапност на услуги за поддршка и асистивни помагала и технологии кои целосно ги почитуваат човековите права на лицата со попреченост.

14. Член 19 и содржината на овој општ коментар, исто така, мора да го водат и даваат поддршка на спроведувањето на Новата урбана агенда усвоена од Конференцијата на Обединетите нации за домување и одржлив урбан развој (Хабитат III) како составен дел од Агендата 2030 за одржлив развој и Целите за одржлив развој. Новата урбана агенда се залага за визија за градови и населби каде што сите лица можат да уживаат еднакви права и можности преку промовирање на инклузивни, праведни, безбедни, здрави, пристапни, финансиски достапни, отпорни и одржливи градови и населби. Во врска со член 19 од Конвенцијата, таргетот за Целта за одржлив равој 10.2, зајакнување и унапредување на социјалната, економската и политичката инклузија за сите, и таргетот 11.1, обезбедување пристап до соодветно, безбедно и финансиски прифатливо домување и финансиски прифатливи услуги за сите, се од посебна важност.

---

[2] Види Универзална декларација на човекови права, чл. 22; Комитет за човекови права, општ коментар бр. 27 (1997) за слобода на движење, став 1; Комитет за економски, социјални и културни права, општ коментар бр. 4 (1991) за соодветно домување, став 7.

[3] Види Комитет за правата на детето, општ коментар бр. 9 (2006) за правата на децата со попреченост, став 47.

15. Комитетот за правата на лицата со попреченост забележа напредок во спроведувањето на член 19 во последната деценија. Сепак, Комитетот забележува јаз помеѓу целите и духот на член 19 и обемот на неговото спроведување. Некои од преостанатите бариери се следните:

(а) Одрекување на правна способност, или преку формални закони и практики или де факто преку донесување одлуки за типот на живеење наместо друг;

(б) Несоодветност на системите за социјална поддршка и заштита за обезбедување самостојно живеење во заедницата;

(в) Несоодветност на правните рамки и буџетската распределба за обезбедување лична асистенција и персонализирана поддршка;

(г) Физичка и регулаторна институционализација, вклучувајќи на деца, и присилен третман во сите негови форми;

(д) Непостоење на стратегии и планови за деинституционализација и продолжување на вложувања во институционална грижа;

(ѓ) Негативни ставови, стигматизација и стереотипи кои ги спречуваат лицата со попреченост да бидат вклучени во заедницата и да имаат пристап до достапната помош;

(е) Заблуди за правото на самостојно живеење во заедницата;

(ж) Недостаток на достапни, прифатливи, финансиски достапни, пристапни и приспособливи услуги и објекти, како што се превозот, здравствената заштита, училиштата, јавните површини, домувањето, театрите, кината, стоките и услугите и јавните објекти;

(з) Немање соодветни механизми за следење за обезбедување соодветна имплементација на член 19, вклучувајќи го и учеството на претставнички организации на лица со попреченост;

(ѕ) Недоволно интегрирање на попреченоста во општите буџетски алокации;

(и) Несоодветна децентрализација, што резултира со диспаритет меѓу локалните власти и нееднакви шанси за самостојно живеење во заедницата во една држава членка.

# II. Нормативна содржина на член 19

## A. Дефиниции

16. Во овој општ коментар се применуваат следниве дефиниции:

(а) **Самостојно живеење.** Самостојното живеење / живеење самостојно значи дека на лицата со попреченост им се обезбедени сите неопходни средства кои им овозможуваат да спроведуваат избор и контрола врз својот живот и да ги носат сите одлуки во врска со својот живот. Личната автономија и само-одлучувањето се од темелно значење за самостојното живеење, вклучувајќи го и пристапот до превоз, информации, комуникација и лична асистенција, живеалиште, дневни рутини, навики, пристојно вработување, лични врски, облека, исхрана, хигиена и здравствена заштита, верски активности, културни активности и сексуални и репродуктивни права. Овие активности се поврзани со развојот на личниот идентитет и личноста: каде и со кого живееме, што јадеме, дали сакаме да легнеме рано или доцна во ноќта, да бидеме внатре или на отворено, да имаме чаршав и свеќи на маса, да имаме миленичиња или да слушаме музика. Ваквите постапки и одлуки не прават тоа што сме. Самостојното живеење е суштински дел од личната автономија и слобода и не значи нужно да се живее сам. Тоа, исто така, не треба да се толкува единствено како способност за извршување на секојдневните активности сам. Напротив, тоа треба да се смета за слобода да се избира и да се има контрола, во согласност со почитувањето на

вроденото достоинство и личната автономија како што е наведено во член 3 (а) од Конвенцијата. Самостојноста како облик на лична автономија значи дека лицето со попреченост не е лишено од можноста за избор и контрола во врска со својот личен животен стил и секојдневни активности;

(б) **Вклученост во заедницата.** Правото на вклученост во заедницата се однесува на принципот на целосна и ефективна вклученост и учество во општеството како што е наведено, меѓу другото, во членот 3 (в) од Конвенцијата. Тоа вклучува живеење на целосен општествен живот и пристап до сите услуги што се нудат на јавноста и до услуги за поддршка што им се нудат на лицата со попреченост за да можат да бидат целосно вклучени и да учествуваат во сите сфери на општествениот живот. Овие услуги можат, меѓу другото, да се однесуваат на домувањето, превозот, купувањето, образованието, вработувањето, рекреативните активности и сите други објекти и услуги што и се нудат на јавноста, вклучувајќи ги и социјалните медиуми. Правото, исто така, вклучува пристап до сите мерки и настани од политичкиот и културниот живот во заедницата, меѓу другото, јавни состаноци, спортски настани, културни и верски фестивали и било која друга активност во која сака да учествува лицето со попреченост;

(в) **Услови за самостојно живеење.** Самостојното живеење и вклученоста во заедницата се однесуваат на живот надвор од резиденцијални институции од каков било вид. Тука не се работи "само" за живеење во одредена зграда или средина; се работи, прво и основно, за не-губење на индивидуалниот избор и автономија поради наметнување на одреден животен стил и услови за живеење. Ниту големите институции со повеќе од сто штитеници ниту помалите групни домови со пет до осум поединци и дури и индивидуалните домови не може да се викаат самостојно живеење ако имаат други дефинирачки елементи на институции или институционализација. Иако институционализираните форми може да се разликуваат по големина, име и поставеност, постојат одредени дефинирачки елементи, како што се задолжителното делење на асистенти со други и немање или ограничено влијание врз тоа од кого ќе се прифати асистенција; изолација и сегрегација од самостојното живеење во заедницата; немање на контрола врз секојдневните одлуки; немање избор со кого да живее; ригидност на рутината без земање предвид на личната волја и преференции; идентични активности на исто место за група на лица под надлежност на одреден орган; патерналистички пристап во обезбедувањето сервиси; надзор врз условите за живеење; и обично, исто така, несразмерен број на лица со попреченост кои живеат во една иста средина. Институционалните форми може да им понудат на лицата со попреченост одреден степен на избор и контрола; сепак, тој избор е ограничен на конкретни животни области и не го менува сегрегирачкиот карактер на институциите. Оттука, политиките за деинституционализација бараат спроведување на структурни реформи кои одат подалеку од затворањето на резиденцијалните институции. Големите или малите групни домови се особено опасни за децата, за кои не постои замена за потребата од растење во семејство. Институциите кои се "како семејство" сепак се институции и не се замена за грижа од семејство;

(г) **Лична асистенција.** Личната асистенција се однесува на лично управувана и водена од корисникот поддршка од човек достапна на едно лице со попреченост и е алатка за самостојно живеење. Иако модалитетите на лична асистенција може да варираат, постојат одредени елементи кои ја разликуваат од другите видови на лична помош, имено:

(i) Финансиските средства за лична асистенција мора да се обезбедени врз основа на персонализирани критериуми и да ги земаат предвид стандардите за човекови права за пристојна работа. Финансиските средства треба да се контролирани од и доделени на лицето со попреченост со цел плаќање на каква било потребна асистенција. Се заснова врз проценка на индивидуалните потреби и индивидуалните животни околности. Персонализираните услуги не смеат да резултираат со намалено буџетско и / или зголемено плаќање од лични средства;

(ii) Услугата мора да ја контролира лицето со попреченост, што значи дека тој или таа може или да ја нарача од различни даватели на сервисни услуги

или да се појави како работодавец. Лицата со попреченост имаат опција да ја креираат сервисната услуга по сопствена мера, односно, да ја креираат услугата и да одлучуваат од кого, како, кога, каде и на кој начин услугата се испорачува и да им даваат инструкции и да ги насочуваат давателите на услуги;

(iii) Личната асистенција е однос еден-на-еден. Личните асистенти мора да бидат ангажирани, обучени и надгледувани од лицето на кое му е доделена лична асистенција. Личните асистенти не треба да се "споделуваат" без целосна и слободна согласност на лицето кому му е доделена лична асистенција. Споделувањето на лични асистенти потенцијално ќе го ограничи и попречи самоопределеното и спонтано учество во заедницата;

(iv) Лично управување со испораката на сервисните услуги. Лицата со попреченост на кои им е потребна лична асистенција може слободно да го изберат степенот на лична контрола врз испораката на сервисните услуги според своите животни околности и преференции. Дури и ако одговорностите на "работодавец" се пренесат на друго лице со договор, лицето со попреченост секогаш останува во центарот на одлуките во врска со асистенцијата, тоа до кое треба да бидат насочени сите барања и чии индивидуални преференции мора да бидат почитувани. Контролата на личната асистенција може да се оствари преку поддршка за донесување одлуки.

17. Давателите на услуги за поддршка честопати погрешно ја опишуваат својата услуга користејќи ги термините "самостојно" или "живеење во заедницата", како и "лична асистенција", иако во пракса тие услуги не ги исполнуваат условите наведени во член 19. Задолжителни "пакет решенија" кои, меѓу другото, ја врзуваат достапноста на една одредена сервисна услуга со друга, очекуваат две или повеќе лица да живеат заедно или може да бидат обезбедени само во специјални услови за живеење, не се во согласност со член 19. Концептот на лична асистенција каде што лицето со попреченост нема целосно самоопределување и лична контрола се смета дека не е во согласност со член 19. На лица со сложени потреби за комуникација, вклучувајќи ги и оние кои користат неформални средства за комуникација (т.е. комуникација преку не-описни средства, вклучувајќи израз на лице, положба на телото и вокализација) мора да им се обезбедат средства за соодветна поддршка кои ќе им овозможат да ги развијат и да ги пренесат своите налози, одлуки, избори и / или преференции и тие да бидат прифатени и почитувани.

## Б. Член 19, општ дел

18. Член 19 ја потврдува недискриминацијата и признавањето на еднаквото право на лицата со попреченост да живеат самостојно во заедницата. За да се оствари правото на самостојно живеење, со избор еднаков со другите, и на вклученост во заедницата, државите членки мора да преземат ефикасни и соодветни мерки за да го олеснат целосното уживање на правото и целосно вклучување и учество на лицата со попреченост во заедницата.

19. Членот опфаќа два концепта, кои јасно се споменуваат само во неговиот наслов: право на самостојно живеење и право на вклученост во заедницата. Додека правото на самостојно живеење се однесува на индивидуална димензија, како право на само-еманципација без одречен пристап и можности, правото на вклученост во заедницата вклучува социјална димензија, т.е. позитивно право на развивање на инклузивна средина. Правото како што е наведено во член 19 ги опфаќа и двата концепта.

20. Член 19 изрично се однесува на сите лица со попреченост. Ниту целосното или делумно одземање на "степен" на правна способност ниту нивото на потребната поддршка не може да се користат за да се одрече или да се ограничи правото на лицата со попреченост на самостојност и самостојно живеење во заедницата.

21. Кога лицата со попреченост се проценети како такви на кои им е потребно високо ниво на лични услуги, државите членки често ги сметаат институциите за

единствено решение, особено кога личните услуги се сметаат за "премногу скапи" или лицето со попреченост се смета како "неспособно" да живее надвор од институционална средина. Лицата со интелектуална попреченост, особено оние со сложени барања за комуникација, меѓу другите, често се проценуваат како неспособни да живеат надвор од институционални средини. Таквото расудување е спротивно на член 19, кој го утврдува правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата за сите лица со попреченост, без оглед на степенот на нивната интелектуална способност, самостојно функционирање или потреби за поддршка.

22. Сите лица со попреченост треба да се слободни да изберат да бидат активни и да припаѓаат на култура по сопствен избор и мора да имаат ист степен на избор и контрола врз своите животи како и другите членови на заедницата. Самостојното живеење е во несогласност со промовирањето на "предодреден" индивидуален животен стил. Младите лица со попреченост не треба да бидат принудени да живеат во услови наменети за стари лица со попреченост и обратно.

23. Лицата со попреченост од кој било род се носители на права и уживаат еднаква заштита според член 19. Треба да се преземат сите соодветни мерки за да се обезбеди целосен развој, унапредување и зајакнување на жените. Лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите, квир и интерсекс лицата со попреченост мора да уживаат еднаква заштита според член 19, па така и почит кон нивните лични односи. Понатаму, правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата опфаќа заштита на лицата со попреченост кои припаѓаат на која било возрасна група, етничка група, припишана каста или јазично и / или верско малцинство, како и мигранти, баратели на азил и лица бегалци.

## B. Член 19 (a)

24. Да се избира и одлучи како, каде и со кого да се живее е централната идеја на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. Индивидуалниот избор, затоа, не е ограничен само на местото на живеење, туку ги опфаќа сите аспекти на живеењето: дневниот распоред и рутина, како и начинот на живот и животниот стил на едно лице, вклучително во приватната и јавна сфера, секој ден и на долг рок.

25. Често, лицата со попреченост не можат да вршат избор бидејќи нема опции за избор. Ова е случај, на пример, кога неформалната поддршка од семејството е единствената опција, кога поддршката не е достапна надвор од институциите, кога домувањето е непристапно или не е обезбедена поддршка во заедницата и кога поддршка се обезбедува само во одредени форми за живеење, како што се групни домови или институции.

26. Понатаму, на лицата со попреченост може да не им е дозволено да остваруваат сопствен индивидуален избор поради недостиг на пристапни информации за ширината на достапните избори и / или законски ограничувања кои произлегуваат од законите за старателство и слични правни норми или одлуки кои не им дозволуваат на лицата со попреченост да ја остваруваат својата правна способност. Дури и ако не постојат формални закони, други лица, како што се семејствата, старателите или локалните власти, понекогаш го контролираат и ограничуваат изборот на лицето со тоа што делуваат како носители на одлуки наместо друг.

27. Правниот субјективитет и деловната способност се основа за остварување на самостојно живеење во заедницата за лицата со попреченост. Член 19 според тоа е поврзан со признавањето и остварувањето на правниот субјективитет и правната способност како што е зацртано во член 12 од Конвенцијата и дополнително објаснето во општ коментар бр. 1 (2014) на Комитетот, за еднакво признавање пред законот. Понатаму, ова е поврзано со апсолутната забрана за притвор врз основа на попреченост како што е зацртано во член 14 и елаборирано во соодветните упатства.[4]

[4] Упатства за правото на слобода и безбедност на лицата со попреченост (A/72/55, анекс).

## Г. Член 19 (б)

28. Персонализираните сервисни служби за поддршка мора да се сметаат за право, а не за форма на медицинска, социјална или милосрдна грижа. За многу лица со попреченост, пристапот до голем број персонализирани сервисни услуги за поддршка е предуслов за самостојно живеење во заедницата. Лицата со попреченост имаат право да изберат услуги и даватели на сервисни услуги според нивните индивидуални потреби и лични преференции, а персонализираната поддршка треба да биде доволно флексибилна за да се прилагоди на барањата на "корисниците", а не обратно. Ова им наметнува обврска на државите членки да обезбедат дека има доволно квалификувани специјалисти кои се способни да идентификуваат практични решенија за бариерите за самостојно живеење во заедницата во согласност со барањата и преференциите на поединецот.

29. Потстав (б) ги наведува различните персонализирани услуги кои спаѓаат во категоријата на сервисни служби за поддршка. Тие не се ограничени само на услуги во домот, туку мора да е можно да бидат проширени и во сферите на вработување, образование и политичко и културно учество; поддршка на родителство и можност на пристап до роднини и други; учество во политичкиот и културниот живот; интереси и активности за одмор на поединецот; и патување, како и рекреација.

30. Иако персонализираните сервисни служби за поддршка може да се разликуваат по име, тип или вид според културните, економските и географските специфики на државата членка, сите сервисни служби за поддршка мора да бидат изготвени за поддршка на живеење во заедницата, спречување на изолација и сегрегација од други и мора навистина да одговараат на оваа намена. Важно е целта на овие сервисни услуги за поддршка да е остварувањето на целосна вклученост во заедницата. Затоа, секоја институционална форма на сервисни служби за поддршка што ја изолира и ограничува личната автономија не е дозволена со член 19 (б).

31. Исто така е важно да се има предвид дека сите сервисни служби за поддршка треба да бидат изготвени и испорачани на начин кој ја поддржува општата цел на нормата: целосна, персонализирана, само-избрана и ефективна инклузија и учество, и, самостојно живеење.

## Д. Член 19 (в)

32. Услугите и објектите наведени во овој дел од членот се сервисни услуги и објекти за целото население во заедницата кои не се посебно наменети за лицата со попреченост. Тие покриваат широк спектар на служби, како што се домување, јавни библиотеки, болници, училишта, превоз, продавници, пазари, музеи, интернет, социјални медиуми и слични објекти и услуги. Тие мора да бидат достапни, универзално пристапни, прифатливи и приспособливи за сите лица со попреченост во рамките на заедницата.

33. Пристапноста на објектите, стоките и услугите во заедницата, како и остварувањето на правото на инклузивно, пристапно вработување, образование и здравствена заштита се основни услови за вклучување и учество на лицата со попреченост во заедницата. Различните програми за деинституционализација покажаа дека затворањето на институциите, без оглед на нивната големина и преместувањето на жителите во заедницата, само по себе не е доволно. Таквите реформи мора да бидат придружени со сеопфатни сервисни служби и програми за развој на заедницата, вклучително и програми за подигање на свеста. Структурните реформи насочени кон подобрување на општата пристапност во рамките на заедницата може да ја намалат побарувачката за посебни услуги за попреченост.

34. Во однос на материјалниот опфат, член 19 опфаќа пристап до безбедно и соодветно домување, перонализирани сервисни услуги и објекти и услуги во заедницата. Пристапот до домување значи да се има можност да се живее во заедницата на еднаква основа со другите. Член 19 нема да е правилно применет доколку домувањето е обезбедено само во посебно наменети подрачја и уредено така

што лицата со попреченост мора да живеат во иста зграда, комплекс или соседство. Пристапното домување кое обезбедува сместување на лица со попреченост, без оглед дали живеат самостојно или како дел од семејство, мора да биде достапно во доволен број, во сите подрачја на заедницата, да го обезбедува правото на лицата со попреченост на избор и можност да го прават. За таа цел, потребна е нова станбена изградба без бариери и приспособување на постојните станбени објекти. Покрај тоа, домувањето мора да биде финансиски прифатливо за лицата со попреченост.

35. Сервисните служби за поддршка мора да бидат достапни во сигурен физички и географски дофат на сите лица со попреченост кои живеат во урбани или во рурални средини. Тие мора да бидат финансиски прифатливи, да ги земаат предвид лицата што живеат со ниски примања. Тие, исто така, треба да бидат прифатливи, што значи дека мора да ги почитуваат стандардните нивоа на квалитет и да бидат родово, возрасно и културно сензитивни.

36. Персонализирани сервисни служби кои не дозволуваат личен избор и лична контрола не обезбедуваат самостојно живеење во заедницата. Сервисните служби што се обезбедуваат како комбинирана резиденцијална и услуга за поддршка (кои се испорачуваат како комбиниран "пакет") често им се нудат на лицата со попреченост по основ на исплатливост. Меѓутоа, додека самиот тој основ е дискутабилен во економска смисла, аспектите на ефикасност на трошоците не смеат да надвладеат врз суштината на човековото право кое е во прашање. Од лицата со попреченост не треба да се бара да споделуваат лична помош и асистенти според правило; ова треба да се прави само со нивна целосна и слободна согласност. Можноста за избор е еден од трите клучни елементи на правото на самостојно живеење во рамките на заедницата.

37. Правото на еднакви сервисни служби за поддршка е поврзано со обврската да се обезбеди учество и вклучување на лицата со попреченост во процесите поврзани со објектите и услугите во заедницата, обезбедувањето тие да одговараат на конкретните потреби, да се родово и возрасно чувствителни и достапни за да се овозможи спонтано учество на лицата со попреченост во заедницата. За децата, суштината на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата го подразбира правото да растат во семејна средина.

## Ѓ. Основни елементи

38. Комитетот смета за важно да ги идентификува основните елементи на член 19 за да обезбеди дека остварувањето на стандардизирано минимум ниво на поддршка доволно за овозможување на остварување на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата се спроведува во секоја држава членка. Државите членки треба да обезбедат основните елементи на член 19 да се почитуваат секогаш, особено во време на финансиска или економска криза. Овие основни елементи се:

(а) Обезбедување на правото на правна способност, согласно општ коментар бр. 1 на Комитетот, за донесување одлуки каде, со кого и како да живее за сите лица со попреченост, без оглед на оневозможеноста;

(б) Обезбедување недискриминација во пристапот до домување, вклучувајќи ги елементите и на приходи и на пристапност и донесување на задолжителни градежни прописи кои дозволуваат новите и реновирани објекти за домување да станат пристапни;

(в) Изготвување конкретен акциски план за самостојно живеење на лицата со попреченост во заедницата, вклучувајќи и преземање на чекори за овозможување на формална поддршка за самостојно живеење во заедницата, така што неформалната поддршка од, на пример, семејствата, да не биде единствената опција;

(г) Изготвување, спроведување, следење и санкционирање на неусогласеност со законите, плановите и упатствата за условите за пристапност на основните редовни сервисни служби за да се постигне општествена еднаквост, вклучувајќи учество на лицата со попреченост на социјалните медиуми, и обезбедување на соодветни вештини за информатички и комуникациски технологии

за да се обезбеди дека се развиени такви технологии, вклучително и врз основа на универзален дизајн, и заштитени;

(д) Изготвување конкретен акционен план и преземање на чекори за развивање и спроведување на основни, персонализирани, не-споделувани и засновани врз човекоиви права посебни сервисни служби за поддршка и други форми на услуги за попреченост;

(ѓ) Обезбедување на не-ретрогресија во постигнувањето на содржината на член 19, освен ако таквите мерки се соодветно оправдани и во согласност со меѓународното право;

(е) Прибирање конзистентни квантитативни и квалитативни податоци за лицата со попреченост, вклучувајќи ги и оние кои се уште живеат во институции;

(ж) Искористување на сите достапни финансиски средства, вклучувајќи и регионални фондови и фондови за развојна соработка, за да се развијат инклузивни и достапни услуги за самостојно живеење.

# III. Обврски на државите членки

39. Обврските на државите членки мора да ја одразуваат природата на човековите права или како апсолутно и непосредно остварливи (граѓански и политички права) или како прогресивно остварливи (економски, социјални и културни права). Член 19 (а), правото на избор на живеалиште и каде, како и со кого да живее, е непосредно остварливо, бидејќи е граѓанско и политичко право. Член 19 (б), правото на пристап до персонализирани, проценети услуги за поддршка, е економско, социјално и културно право. Член 19 (в), правото на пристап до сервисни служби и објекти, е економско, социјално и културно право бидејќи многу од редовните услуги, како што се достапни мејнстрим информациски и комуникациски технологии, веб-сајтови, социјални медиуми, кина, јавни паркови, театри и спортски објекти, служат за социјални и културни цели. Прогресивното остварување подразбира непосредна обврска за изготвување и усвојување на конкретни стратегии, планови за акција и ресурси за развој на услуги за поддршка, како и правење на постоечките, како и новите, редовни општи услуги да се инклузивни за лицата со попреченост.

40. Обврската да почитува нема само негативна димензија; нејзината позитивна димензија бара од државите членки да ги преземат сите неопходни мерки за да осигурат дека не се повредуваат правата од член 19 од страна на државата или од приватни субјекти.

41. Со цел да се постигне прогресивното остварување на економските, социјални и културни права, државите членки мора да преземат чекори до максимум од своите расположливи ресурси.[5] Овие чекори мора да се преземат веднаш или во разумно краток временски период. Таквите чекори треба да бидат намерни, конкретни, насочени и да ги користат сите соодветни средства.[6] Систематското остварување на правото на самостојно живеење во заедницата бара структурни промени. Ова особено се однесува на деинституционализација во сите нејзини форми.

42. Државите членки имаат непосредна обврска да започнат стратешко планирање, со соодветни временски рамки и средства, во тесна и со почит консултација со претставничките организации на лицата со попреченост, за да ги заменат сите институционализирани услови за живеење со сервисни служби за поддршка на самостојно живеење. Слободната проценка на државите членки се однесува на имплементацијата на програмата, но не и на прашањето на замена. Државите членки треба да развијат преодни планови во директни консултации со лицата со попреченост, преку нивните претставнички организации, со цел да обезбедат целосна вклученост на лицата со попреченост во заедницата.

[5] Види член 2 (1) од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и член 4 (2) од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

[6] Види Комитет за економски, социјални и културни права, општ коментар бр. 3, став 2.

43. Кога една држава членка сака да воведе регресивни мерки во врска со член 19, на пример, како одговор на економска или финансиска криза, таа е должна да покаже дека таквите мерки се привремени, неопходни и недискриминаторски и дека ги почитуваат нејзините основни обврски.[7]

44. Обврската за прогресивно остварување, исто така, подразбира противставување на регресивни мерки во уживањето на економските, социјални и културни права. Ваквите мерки ги лишуваат луѓето со попреченост од целосно уживање на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. Според тоа, регресивните мерки претставуваат повреда на член 19.

45. На државите членки им е забрането да преземаат регресивни мерки во однос на минимум основните обврски на правото на самостојно живеење во рамките на заедницата како што тоа е наведено во овој општ коментар.

46. Државите членки се под директна обврска да ја елиминираат дискриминацијата на поединци или групи на лица со попреченост и да гарантираат нивно еднакво право на самостојно живеење и учество во заедницата. Ова бара од државите членки да ги укинат или изменат политиките, законите и практиките кои ги спречуваат лицата со попреченост, на пример, да го изберат местото на живеење, да осигурат прифатливо и достапно домување, изнајмување место за живеење или пристап до такви редовни мејнстрим објекти и услуги какви што се потребни за нивна самостојност. Должноста да се обезбеди соодветно приспособување (член 5 (3)), исто така, не е предмет на прогресивно остварување.

## A. Обврска да почитува

47. Обврската да почитува бара државите членки да се воздржат од директно или индиректно мешање или на било каков начин ограничување на индивидуалното остварување на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. Државите членки не треба да го ограничуваат или одрекуваат пристапот никому да живее самостојно во заедницата, вклучително и преку закони кои директно или индиректно ги ограничуваат можностите на лицата со попреченост да го изберат местото на живеење или каде, како и со кого да живеат или пак нивната автономија. Државите членки треба да ги изменат законите што го попречуваат остварувањето на правата од член 19.

48. Обврската, исто така, бара од државите членки да ги укинат и да се воздржат од донесување на закони, политики и структури кои одржуваат и создаваат бариери за пристап до сервисите за поддршка, како и до објекти и услуги во општа употреба. Таа, исто така, таа наложува обврска да се ослободат сите лица кои се затворени против своја волја во установите за ментално здравје или други форми на лишување од слобода специфични за попреченост. Таа понатаму вклучува забрана за сите форми на старателство и обврска за заменување на режими за донесување одлуки наместо друг со алтернативи за донесување одлуки со поддршка.

49. Да се почитуваат правата на лицата со попреченост според член 19 значи дека државите членки треба да ја напуштат институционализацијата. Државите членки не треба да градат нови институции, ниту пак да ги реновираат старите институции освен оние најитни мерки неопходни за заштита на физичката безбедност на жителите. Институциите не треба да се прошируваат, нови жители не треба да се сместуваат кога претходните ќе си заминат а "сателитски" места за живеење кои се разгрануваат околу институциите, односно таквите кои изгледаат како индивидуално живеење (станови или куќи), но гравитираат околу институциите, не треба да се основаат.

[7] Писмо од 16 мај 2012 год. со кое Претседавачот на Комитетот за економски, социјални и културни права се обраќа на државите членки на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, достапно на http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=INT%2fCESCR%2fSUS%2f6395&Lang=en.

## Б. Обврска да штити

50. Обврската да штити бара од државите членки да преземат мерки за да ги спречат членовите на семејството и трети лица директно или индиректно да се мешаат во уживањето на правото на самостојно живеење во рамките на заедницата. Обврската да штити бара од државите членки да усвојат и спроведат закони и политики за забрана на постапување од страна на членови на семејството и трети лица, даватели на услуги, сопственици на земјиште или даватели на општи услуги кои го поткопуваат целосното уживање на правото на вклученост и самостојно живеење во рамките на заедницата.

51. Државите членки треба да обезбедат јавните или приватните буџети да не се трошат за одржување, реновирање, изградба на згради или создавање на каква било форма на институција или институционализација. Понатаму, државите членки мора да обезбедат да не се основаат приватни установи под маската на "живеење во заедницата".

52. Поддршката секогаш треба да се заснова врз индивидуалните потреби, а не врз интересите на давателот на услуги. Државите членки треба да воспостават механизми за следење на давателите на услуги, да усвојат мерки кои ги штитат лицата со попреченост од сокривање од семејството или изолирање во институции и децата да се напуштаат или институционализираат врз основа на попреченост и да воспостават соодветни механизми за откривање на ситуации на насилство врз лица со попреченост од страна на трети лица. Државите членки, исто така, треба да забранат директорите и / или управителите на резиденцијалните институции да се назначуваат за старатели на корисниците.

53. Обврската да штити, исто така, вклучува и забрана на дискриминаторски практики, како што се исклучување на поединци или групи од добивањето на одредени услуги. Државите членки треба да им забранат на и да спречат трети лица од наметнување практични или процедурални бариери за самостојно живеење и вклученост во заедницата, на пример, преку обезбедување дека дадените услуги се во согласност со самостојното живеење во заедницата и дека на лицата со попреченост не им се одррекува можноста за изнајмување или не се ставаат во понеповолна положба на пазарот на домување. Општите сервисни услуги во заедницата отворени за јавноста, како што се библиотеки, базени, јавни паркови / простори, продавници, пошти и кина мора да бидат пристапни и да одговараат на барањата на лицата со попреченост, како што е зацртано во општиот коментар на Комитетот бр. 2 (2014) ) за пристапност.

## В. Обврска да исполни

54. Обврската да исполни бара од државите да промовираат, подржат и да обезбедат соодветни законодавни, административни, буџетски, судски, програмски, промотивни и други мерки за да обезбедат целосно остварување на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата како што е наведено во Конвенцијата. Обврската да исполни, исто така, бара од државите членки да преземат мерки за искоренување на практичните бариери за целосното остварување на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата, како што се непристапни станови, ограничен пристап до служби за поддршка за попреченост, непристапни објекти, стоки и услуги во заедницата и предрасуди против лицата со по пореченост.

55. Државите членки треба да им овозможат на членовите на семејството да им даваат поддршка на членовите на семејството со попреченост во остварување на нивното право на самостојно живеење и вклученост во заедницата.

56. При спроведувањето на закони, политики и програми, државите членки мораат тесно да се консултираат и активно да вклучат широк спектар на лица со попреченост преку нивните претставнички организации за сите аспекти кои се однесуваат на самостојно живеење во заедницата, особено кога развиваат сервисни служби за поддршка и вложуваат ресурси во службите за поддршка во рамките на заедницата.

57. Државите членки мора да усвојат стратегија и конкретен акционен план за деинституционализација. Овие треба да ја вклучат обврската за спроведување на структурни реформи, подобрување на пристапноста за лицата со попреченост во заедницата и подигнување на свеста кај сите поединци во општеството за вклучување на лицата со попреченост во заедницата.

58. Деинституционализацијата, исто така, бара системска трансформација, која вклучува затворање на институциите и отстранување на прописите за институционализација како дел од сеопфатна стратегија, истовремено со воспоставување низа персонализирани сервисни служби за поддршка, вклучувајќи и персонализирани планови за транзиција со буџети и временски рамки, како и инклузивни сервиси за поддршка. Затоа, потребен е координиран, интер-секторски пристап кој обезбедува реформи, буџети и соодветни промени на ставовите на сите нивоа и сектори на власта, вклучувајќи ги и локалните власти.

59. Програмите и надоместоците за поддршка за самостојно живеење во заедницата мора да ги покриваат трошоците поврзани со попреченоста. Понатаму, обезбедувањето достапност на доволен број пристапни и прифатливи единици за домување е од клучно значење за деинституционализација, вклучувајќи домување за семејства. Исто така е важно пристапот до домување да не се условува со барања кои ја намалуваат автономијата и самостојноста на лицата со попреченост. Зградите и просторите отворени за јавноста и сите форми на превоз мора да бидат креирани на начин кој ќе ги задоволи барањата на сите лица со попреченост. Државите членки мора да преземат смислени и итни чекори за пренамена на буџетски средства кон остварување на правото на лицата со попреченост на самостојно живеење во заедницата.

60. Сервисни служби за поддршка за попреченост мора да се достапни, пристапни, финансиски достапни, прифатливи и приспособливи за сите лица со попреченост и да земаат предвид различни животни состојби, како што се индивидуални или семејни приходи, како и индивидуалните околнос како што се пол, возраст, национално или етничко потекло и јазичен, верски, сексуален и / или родов идентитет. Моделот за попреченост заснован врз човекови права не дозволува исклучување на лицата со попреченост од која било причина, вклучувајќи го и видот и обемот на потребните услуги за поддршка. Сервисните служби за поддршка, вклучувајќи ја и личната аситенција, не треба да се делат со други, освен ако тоа не се темели врз одлука заснована врз слободна и информирана согласност.

61. Државите членки треба да ги вградат следниве елементи во критериумите за добивање пристап до помош: проценката треба да се темели врз пристап кон попреченост заснован врз човековите права; да се фокусира на потребите на лицето кои постојат поради бариерите во општеството, а не на оневозможеноста; да ги земе предвид, и да ги следи, волјата и преференциите на лицето; и да обезбеди целосно вклучување на лицата со попреченост во процесот на донесување одлуки.

62. Парични трансфери, како што се надоместоците за попреченост, претставуваат една од формите преку кои државите членки обезбедуваат поддршка за лицата со попреченост согласно член 19 и 28 од Конвенцијата. Таквите парични трансфери често признаваат трошоци поврзани со попреченоста и овозможуваат целосно вклучување на лицата со попреченост во заедницата. Паричните трансфери, исто така, се справуваат со состојби на сиромаштија и крајна сиромаштија со кои може да се соочат лицата со попреченост. Државите членки не смеат да ги зголемуваат тешкотиите со кои се соочуваат лицата со попреченост преку намалување на нивниот приход во време на економска или финансиска криза или преку мерки за штедење кои не се во согласност со стандардите за човекови права утврдени во став 38 погоре.

63. Поддршката на лицата со попреченост треба да се процени преку користење на персонализиран пристап и конкретни активности прилагодени на реалните бариери за вклучување во заедницата со кои се соочуваат лицата со попреченост. Проценката треба да прифати дека на лицата со попреченост им е потребен пристап за учество во активности кој со текот на времето се менува. Државите членки треба да обезбедат дека персонализацијата на поддршката, вклучувајќи ги и паричните трансфери /

личните буџети, ги зема предвид и ги решава предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост кога живеат во рурални и / или урбани области.

64. Државите членки треба да обезбедат и дисеминираат навремени, ажурирани и точни информации кои се од суштинско значење за информирано донесување одлуки за избор на сервиси за поддршка за самостојно живеење во заедницата. Ова треба да е во достапни формати, вклучувајќи на Брајово писмо, знаковен јазик, тактилни и лесни за читање (Easy Read) формати и алтернативни и аугментативни начини на комуникација.

65. Државите треба да обезбедат вработените кои работат или започнуваат да работат во сервисни служби поврзани со попреченост, вклучувајќи ги вработените кои даваат услуги, оние кои одлучуваат и државните службеници кои ги следат сервисните служби за лицата со попреченост, се соодветно обучени за самостојно живеење во заедницата, во теорија и пракса. Државите, исто така, треба да воспостават критериуми, во согласност со член 19, во врска со субјектите кои аплицираат за дозвола за обезбедување социјални услуги за самостојно живеење на лицата со попреченост во заедницата и да оценуваат како тие ги извршуваат своите обврски. Државите членки исто така треба да обезбедат дека меѓународната соработка согласно член 32 од Конвенцијата и инвестициите и проектите преземени преку неа не придонесуваат за одржување на бариерите за самостојно живеење во заедницата, туку за искоренување на бариерите и за поддршка на спроведувањето на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. По состојби на катастрофа, важно е да не се обноват бариерите, како составен дел на спроведување на член 11 од Конвенцијата.

66. Државите членки мора да обезбедат пристап до правда и да обезбедат правна помош и соодветни правни совети, правни лекови и поддршка, вклучително и преку соодветно и процесно приспособување, за лицата со попреченост кои сакаат да го остварат своето право на самостојно живеење во заедницата.

67. Државите членки треба да обезбедат соодветни сервиси за поддршка на негуватели членови на семејството, за тие да можат да го подржат нивното дете или роднина да живее самостојно во заедницата. Оваа поддршка треба да вклучува услуги за одмена во нега, услуги за згрижување деца и други услуги за поддршка на родителство. Финансиската поддршка е исто така важна за семејните негуватели кои често живеат во ситуации на крајна сиромаштија без можност за пристап до пазарот на трудот. Државите членки, исто така, треба да обезбедат социјална заштита за семејствата и да го поттикнуваат развојот на сервиси за советување, кругови на поддршка и други соодветни опции за поддршка.

68. Државите членки мораат редовно да спроведуваат истражувања и други видови на анализа кои обезбедуваат податоци за физичките, комуникациските, еколошките, инфраструктурните и бариерите од ставови што ги доживуваат лицата со попреченост и за потребите за спроведување на самостојното живеење во заедницата.

# IV. Поврзаност со други одредби од Конвенцијата

69. Правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата е поврзано со уживањето на другите човекови права одредени во Конвенцијата. Истовремено, тоа претставува повеќе од збир на тие права, бидејќи потврдува дека сите права треба да се остваруваат и уживаат во заедницата во која едно лице ќе избере да живее и само во која може да се оствари слободниот и целосен развој на личноста.

70. Консултации со и активно вклучување на лицата со попреченост, преку нивните претставнички организации (член 4 (3)), се од клучно значење за усвојување на сите планови и стратегии, како и за следење и мониторинг на спроведувањето на правото на самостојно живеење во заедницата. Донесувачите на одлуки на сите нивоа мораат активно да ги вклучат и да се консултираат со целокупниот спектар на лица со попреченост, вклучително и организации на жени со попреченост, постари лица со

попреченост, деца со попреченост, лица со психосоцијални попречености и лица со интелектуална попреченост.

71. Недискриминацијата (член 5), во поглед на самостојното живеење и вклученост во заедницата, е важна во однос на пристапот и примањето на услугите за поддршка. Државите членки треба да ги дефинираат критериумите и постапките за добивање пристап до услугите за поддршка на недискриминаторски начин, објективно и со фокус врз потребите на лицето, а не на неговата оневозможеност, применувајќи пристап усогласен со човековите права. Воспоставување на посебни услуги за лица со попреченост во конкретните околности на лицата со попреченост и во согласност со нивните потреби, како што се сервисите за деца, студенти, вработени и постари лица со попреченост, не треба да се сметаат за дискриминаторско кршење на Конвенцијата, туку за правична и законски достапна афирмативна акција. Лицата со попреченост кои се соочуваат со дискриминација во врска со член 19 мора да имаат на располагање ефективни и прифатливи правни лекови.

72. Често, жените и девојчињата со попреченост се поисклучени и изолирани и се соочуваат со повеќе ограничувања во однос на местото на живеење како и условите за живеење поради патерналистичките стереотипи и патријархалните социјални модели кои ги дискриминираат жените во општеството. Жените и девојчињата со попреченост исто така се соочуваат со родова, повеќекратна и интерсекциска дискриминација, поголем ризик од институционализација и насилство, вклучувајќи сексуално насилство, злоупотреба и вознемирување.[8] Државите членки мора да обезбедат финансиски достапни, или бесплатни, правни лекови и сервиси за поддршка за жртвите на насилство и злоупотреба. Жените со попреченост кои се соочуваат со домашно насилство често се економски, физички или емоционално зависни од нивните насилници кои честопати им се старатели, ситуација која ги спречува жените со попреченост да ги напуштат насилните врски и која води кон понатамошна општествена изолација. Затоа, при спроведувањето на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата, треба да се посвети посебно внимание на родовата рамноправност, елиминирањето на родово базираната дискриминација и патријархалните општествени модели.

73. Културните норми и вредности може негативно да го ограничат изборот и контролата на жените и девојчињата со попреченост врз нивните услови за живеење, да ја ограничат нивната автономија, да ги приморaат да живеат во одредени животни услови, да бараат да ги потиснат сопствените потреби и наместо тоа да им служат на потребите на другите и да преземаат одредени улоги во семејството.[9] Државите членки треба да преземат мерки за справување со дискриминацијата врз и бариерите за жените во пристапот до социјалните услуги и поддршка, како и да обезбедат дека различните политики, програми и стратегии кои се однесуваат на пристапот до социјалните услуги и поддршка должно ја земаат во предвид еднаквоста помеѓу жените и мажите.

74. Државите членки исто така треба да обезбедат дека мерките насочени кон развој, зајакнување и унапредување на жените и девојчињата со попреченост (чл.6 (2)) ги адресираат родово базираните нееднаквости во пристапот до поддршка и социјална заштита. Државите членки треба да усвојат соодветни мерки за охрабрување на рамнотежа помеѓу работниот и приватниот живот (ресурси, време, услуги) кои ги подржуваат жените со попреченост во (повторно) вклучување на отворениот пазар на трудот и да обезбедат еднакви права и одговорности помеѓу жените и мажите во вршење на родителските одговорности.[10] Исто така, одговорност е на државите членки да обезбедат дека засолништата за жртви на родово насилство се целосно пристапни за жените и девојчињата со попреченост.

[8] Види Комитет за правата на лицата со попреченост, општ коментар број 3 (2016) за жени и девојчиња со попреченост.

[9] Ibid., ставови 8, 18, 29 и 55.

[10] Види Комитет за елиминација на дискриминацијата врз жените, општа препорака бр. 21 (1994) за еднаквост во бракот и семејните односи.

75. Постоењето на соодветни и чувствителни на возраста сервиси за поддршка на девојчињата и момчињата со попреченост е од витално значење за еднаквото уживање на нивните човекови права (член 7). Почитувањето на развојните капацитети на децата со попреченост и поддршката да имаат збор во правењето избори што влијаат врз нив, е од критично значење. Исто така, важно е да се обезбеди поддршка, информации и насоки за семејствата (член 23) за да се спречи институционализација на децата со попреченост и да постојат инклузивни политики за посвојување за да се обезбедат еднакви можности за децата со попреченост.

76. Кога станува збор за социјални и односи со врсниците, тинејџерите може да претпочитаат лична асистенција или професионални толкувачи на знаковен јазик наместо неформална поддршка што ја добиваат од роднините. Државите членки треба да воведат иновативни форми на поддршка и достапни услуги за деца и адолесценти со попреченост преку личен контакт или преку нивни организации. Децата со попреченост може да имаат потреба од поддршка за бавење со спорт или активности во заедницата со други деца на нивна возраст. На адолесцентите со попреченост треба да им биде овозможено да поминуваат време и да учествуваат во рекреативни активности со своите врсници. Државите членки мора да обезбедат помагала и технологии кои можат да го олеснат вклучувањето на адолесцентите со попреченост во нивните врснички мрежи. Понатаму, услугите кои го олеснуваат преминот на младите луѓе во зрелост, вклучувајќи ја и поддршката за напуштање на семејниот дом, започнување со вработување и продолжување со високо образование, се клучни во поддршката за самостојно живеење.

77. Подигнувањето на свеста (член 8) е од суштинско значење за создавање на отворени, поддржувачки и инклузивни заедници, бидејќи член 19 конечно се однесува на трансформирање на заедниците. Стереотипите, аблеизмот и заблудите кои ги спречуваат лицата со попреченост да живеат самостојно, мора да бидат искоренети и мора да се промовира позитивна слика за нив и нивниот придонес кон општеството. Треба да се обезбеди подигање на свеста на властите, државните службеници, професионалци, медиумите, општата јавност и лицата со попреченост и нивните семејства. Сите активности за подигнување на свеста треба да се спроведуваат во тесна соработка со лицата со попреченост преку нивните претставнички организации.

78. Правата предвидени во член 19 се врзани со обврските на државите членки во однос на пристапноста (член 9), бидејќи општата пристапност на целата изградена средина, транспорт, информации и комуникација и со нив поврзани објекти и услуги отворени за јавноста во заедницата е предуслов за самостојно живеење во заедницата. Членот 9 бара идентификација и отстранување на бариерите во објектите отворени за јавноста, како што се изменување на законите за градба и урбанистичко планирање, вклучување на стандарди за универзален дизајн во различни сектори и воспоставување на стандарди за пристапност во домувањето.

79. Државите членки мора однапред да ја земат предвид обврската за обезбедување на сервиси за поддршка на лицата со попреченост во сите активности за управување со ризици од катастрофи (член 11) и да осигураат дека тие не се изоставени или заборавени. Исто така е важно бариерите да не бидат повторно изградени по состојби на вооружен конфликт, хуманитарни вонредни состојби или појава на природни катастрофи. Процесите на обнова мора да обезбедат целосна пристапност за независен живот во заедницата за лицата со попреченост.

80. Еднаквото признавање пред законот (чл.12) гарантира дека сите лица со попреченост имаат право да ја остваруваат својата целосна правна способност и затоа имаат еднакво право на избор и контрола врз сопствениот живот со избирање каде, со кого и како сакаат да живеат и да добиваат поддршка согласно нивната волја и преференции. За целосно остварување на транзицијата кон донесување одлуки со поддршка и остварување на правата од член 12, императив е лицата со попреченост да имаат можност да ги развијат и да ги изразат своите желби и преференции со цел да ја остварат својата правна способност на еднаква основа со другите. За да се постигне ова, тие мора да бидат дел од заедницата. Понатаму, поддршката во остварувањето на правната способност треба да биде обезбедена преку користење

пристап втемелен врз заедница кој ги почитува желбите и преференциите на лицата со попреченост.

81. Пристапот до правда како што е загарантиран во членот 13 е темелен за обезбедувањето на целосно уживање на правото на самостојно живеење во заедницата. Државите членки мора да обезбедат дека сите лица со попреченост имаат правна способност и статус пред судовите. Државите членки мора понатаму да обезбедат дека сите одлуки што се однесуваат на самостојно живеење во заедницата може да бидат обжалени. Поддршката за овозможување самостојно живеење во заедницата треба да е правно призната како право. За да се обезбеди еднаков и ефективен пристап до правдата, суштествените права на правна помош, поддршка и процедурални и на возраста соодветни приспособувања се од суштинско значење.

82. Принудното институционализирање врз основа на оневозможеност или придружни околности како што се претпоставена "опасност" или други фактори разработени од страна на Комитетот во неговите упатства за примената на член 14, честопати се предизвикани или во пораст поради недостаток на сервисни служби за поддршка за попреченост. Спроведувањето на член 19, така, во крајна линија ќе го спречи кршењето на член 14.

83. Од огромно значење е да се осигура дека сервисите за поддршка не оставаат простор за потенцијална злоупотреба или експлоатација на лицата со попреченост или какво било насилство врз нив (чл.16). Потребно е сензитивно на попреченост, род и возраст следење, правни лекови и обештетување за сите лица со попреченост кои користат услуги пропишани во член 19 и кои можат да се соочат со злоупотреба, насилство и експлоатација. Бидејќи институциите имаат тенденција да ги изолираат оние кои живеат во нив од остатокот на заедницата, институционализираните жени и девојчиња со попреченост се уште поподложни на родово насилство, вклучувајќи присилна стерилизација, сексуална и физичка злоупотреба, емоционална злоупотреба и понатамошна изолација. Тие исто така се соочуваат со повисоки бариери за пријавување на такво насилство. Неопходно е државите да ги вклучат овие прашања во нивното следење на институциите и да обезбедат пристап до обештетување за жените со попреченост кои се изложени на родово насилство во институциите.

84. Без поддршка за лична мобилност (член 20), бариерите за самостојно живеење во заедницата продолжуваат да постојат за многу лица со попреченост. Обезбедувањето на прифатливи и достапни квалитетни помагала за мобилност, направи, помошни технологии и форми на помош од лица и посредници, како што е зацртано во член 20, е предуслов за целосно вклучување и учество на лицата со попреченост во нивните заедници.

85. Лицата со попреченост имаат право на пристап до сите јавни информации во достапни формати и да бараат, примаат и да изразуваат информации и идеи на еднаква основа со другите (член 21). Комуникацијата може да се обезбеди во форми и формати по нивен избор, вклучувајќи Брајово писмо, знаковен јазик, тактилни и лесни за читање формати и алтернативни начини, средства и формати на комуникација. Важно е комуникацијата и информациите да течат во двете насоки и дека сервисите и објектите се достапни за поединци кои користат различни начини на комуникација. Од особена важност е информациите за услугите за поддршка и за програмите за социјална заштита, вклучувајќи ги и механизмите поврзани со попреченост, да бидат пристапни и достапни од различни извори, со цел да им се овозможи на лицата со попреченост да донесат целосно информирани одлуки и избор за тоа каде, со кого и како да живеат и каков вид на услуга најдобро им одговара. Исто така, од клучно значење е механизмите за повратно информирање и поплаки да се комуникациски пристапни.

86. Државите членки треба да обезбедат дека при обезбедувањето услуги за поддршка од член 19 приватноста, семејството, домот, преписката и честа на лицата со попреченост се заштитени од какво било незаконско мешање (член 22). Во сите случаи на незаконско мешање, сензитивни на попреченост, род и возраст следење, правни лекови и задоволување мора да им се достапни на сите лица со попреченост кои користат сервиси за поддршка.

87. Правото на самостојно живеење во заедницата е блиско поврзано со правото на семејство на деца и родители со попреченост (член 23). Отсуството на поддршка и сервиси во заедницата може да создаде финансиски притисоци и ограничувања за семејството на лицата со попреченост; правата од член 23 се од суштинско значење за да се спречи децата да бидат одземени од нивните семејства и да бидат институционализирани, како и семејствата да бидат поддржани за живеење во заедница. Овие права се подеднакво важни за да се осигура децата да не се одземаат од нивните родители поради попреченоста на последниве. Државите членки треба да обезбедат информации, упатства и поддршка на семејствата за почитување на правата на нивните деца и да промовираат вклучување и учество во заедницата.

88. Самостојното живеење и вклученост во заедницата е нераскинливо поврзано со инклузивното образование (член 24) и бара признавање на правото на лицата со попреченост да живеат самостојно и да уживаат во вклученост и учеството во заедницата. Вклучувањето на лицата со попреченост во редовниот образовен систем генерира понатамошно вклучување на лицата со попреченост во заедницата. Деинституционализацијата, исто така, подразбира и воведување на инклузивно образование. Државите членки треба да ја имаат предвид улогата што остварувањето на правото на инклузивно образование ќе ја игра во градењето на силни страни, вештини и способности неопходни за сите лица со попреченост да уживаат во, да имаат корист од и да придонесуваат на своите заедници.

89. Редовните здравствени установи и услуги (член 25) мора да бидат достапни, пристапни, прилагодливи и прифатливи за лицата со попреченост во нивните заедници, вклучувајќи и поддршка што им е потребна на некои лица со попреченост (на пример оние со сложени потреби за комуникација, психосоцијални попречености или интелектуални попречености и / или глуви лица) за време на хоспитализација, операции и медицински прегледи. Обезбедувањето на медицински сестри, физиотерапевти, психијатри или психолози во болниците, но и дома, е дел од здравствената заштита и не треба да се смета како исполнување на обврската на државата членка од член 19, туку од член 25.

90. Самостојното живеење во заедницата, хабилитацијата и рехабилитацијата (член 26) се меѓусебно зависни. За некои лица со попреченост, користењето на сервисите за рехабилитација не е можно ако не добијат доволно персонализирана поддршка. Во исто време, целта на рехабилитацијата е да им се овозможи на лицата со попреченост целосно и ефективно да учествуваат во заедницата. Хабилитацијата и рехабилитацијата на лице со попреченост мора секогаш да се одвива со негова слободна и информирана согласност. Хабилитацијата и рехабилитацијата се првенствено релевантни во врска со образованието, вработувањето, здравството и социјалните прашања.

91. Постоењето на персонализирани услуги за поддршка, вклучувајќи и лична аситенција, често е предуслов за ефективно уживање на правото на работа и вработување (член 27). Понатаму, лицата со попреченост исто така треба да станат работодавци, менаџери или обучувачи за сервиси за поддршка на попреченост. Спроведувањето на членот 19 на тој начин ќе помогне да се напушти вработувањето во заштитни друштва.

92. За да се осигури дека лицата со попреченост уживаат соодветен стандард на живеење (член 28), државите членки треба, меѓу другото, да обезбедат пристап до сервисните служби за поддршка кои им овозможуваат да живеат самостојно. Оттука, постои обврска државите членки да обезбедат пристап до соодветни и финансиски прифатливи услуги, помагала и друга помош за потребите поврзани со онеспособеност, особено за оние лица со попреченост кои живеат во сиромаштија. Понатаму, потребен е пристап до јавни и субвенционирани програми за домување во заедницата. Се смета за спротивно на Конвенцијата лицата со попреченост самите да ги плаќаат трошоците поврзани со попреченоста.

93. За да влијаат врз и да учествуваат во одлуките кои влијаат врз развојот на нивната заедница, сите лица со попреченост треба да ги уживаат и да ги остваруваат своите права на учество во политичкиот и јавниот живот (член 29) лично или преку

нивните организации. Соодветната поддршка може да обезбеди значајна помош за лицата со попреченост во остварувањето на нивното право на глас, на учество во политичкиот живот и вршењето на јавни работи. Важно е да се осигури дека асистентите или другиот персонал за поддршка не ги ограничува или злоупотребува изборите што лицата со попреченост ги прават во остварувањето на нивните гласачки права.

94. Културниот живот, рекреацијата, слободното време и спортот (член 30) се важни димензии на животот во заедницата во која вклученоста може да се бара и оствари, на пример, преку обезбедување дека настаните, активностите и објектите се пристапни за лицата со попреченост и се инклузивни. Личните асистенти, водичи, читачи и професионални тактилни и толкувачи на знаковен јазик, меѓу другото, придонесуваат за инклузивен живот во заедницата согласно волјата и преференциите на лицата со попреченост. Важно е користењето поддршка од кој било вид да се смета како дел од трошоците поврзани со попреченоста, бидејќи таквите сервиси за поддршка помагаат да се поттикне вклучувањето во заедницата и самостојно живеење. Асистентите потребни за учество во културни и рекреативни активности не треба да бидат обврзани да плаќаат влезници. Исто така, не треба да постојат ограничувања за тоа кога, каде и за какви видови активности може да се користи помош, на национално и на меѓународно ниво.

95. Податоците и информациите мора да бидат систематски разделени (член 31) според попреченост во сите сектори, вклучително и во однос на домувањето, начинот на живеење и шеми за социјална заштита, како и пристапот до самостојно живеење и поддршка и сервиси. Информациите треба да овозможат редовни анализи за тоа како напредуваа деинституционализацијата и транзицијата кон сервиси за поддршка во заедницата. Важно е индикаторите да ги одразуваат посебните околности во секоја држава членка.

96. Меѓународната соработка (член 32) мора да се спроведе на начин кој обезбедува странската помош да се инвестира во служби за поддршка во локалните заедници кои ја почитуваат волјата и желбите на лицата со попреченост и го поттикнуваат нивното право да изберат каде, со кого и во какви услови ќе живеат, во согласност со член 19. Инвестирање на парите добиени во рамките на меѓународната соработка во развој на нови институции или места за затворање или институционални модели на нега не се прифатливи, бидејќи водат во сегрегација и изолација на лицата со попреченост.

## V. Спроведување на национално ниво

97. Комитетот бележи дека државите членки можат да се соочат со предизвици на национално ниво при спроведувањето на правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата. И покрај тоа, согласно со нормативната содржина и обврските наведени погоре, државите членки треба да ги преземат следниве чекори за да обезбедат целосна имплементација на член 19 од Конвенцијата:

(а) Да ги отповикаат сите закони кои спречуваат кое било лице со попреченост, без оглед на видот на оневозможеноста, да избере каде, со кого и како да живее, вклучувајќи го и правото слободата да не биде ограничена врз основа на кој било вид на попреченост;

(б) Да усвојат и спроведуваат закони, стандарди и други мерки со цел да ги направат локалните заедници и животната средина, како и информациите и комуникацијата, пристапни за сите лица со попреченост;

(в) Да осигурат дека програмите за социјална заштита ги задоволуваат барањата на сите различни лица со попреченост на еднаква основа со другите;

(г) Да го вградат принципот на универзален дизајн како за физичкиот така и за виртуелниот простор во политиките, законите, стандардите и другите мерки, вклучувајќи следење на реализацијата / спроведувањето на обврските; ревизија на законите за градење за да се осигури дека тие се во согласност со принципите на

универзален дизајн и на законските упатства за градење, како што е наведено во општиот коментар на Комитетот број 2;

(д) Да им обезбедат на сите лица со попреченост материјални и процедурални права за самостојно живеење во рамките на заедницата;

(ѓ) Да ги информираат лицата со попреченост за нивното право на самостојно живеење и вклученост во заедницата на начин на кој тие можат да го разберат и да обезбедат обуки за оспособување со цел да им се помогне на лицата со попреченост да научат како да ги остваруваат своите права;

(е) Да усвојат јасни и насочени стратегии за деинституционализација, со конкретни временски рамки и соодветни буџети, со цел да се елиминираат сите форми на изолација, сегрегација и институционализација на лицата со попреченост; посебно внимание треба да им се посвети на лицата со психосоцијални и / или интелектуални попречености и децата со попреченост кои моментално се во институции;

(ж) Да изготват програми за подигање на свеста кои се справуваат со негативните ставови и стереотипи за лицата со попреченост и да обезбедат трансформација на заедницата во напор за развивање на персонализирани и пристапни редовни услуги;

(з) Да обезбедат учество на лицата со попреченост, лично и преку нивните претставнички организации, во трансформирањето на службите за поддршка и на заедниците, како и во изготвувањето и спроведувањето на стратегиите за деинституционализација;

(ѕ) Да изготват сеопфатни политики и законски насоки и да доделат буџетски средства за изградба на финансиски достапни и пристапни станбени единици, изградена средина, јавни површини и превоз, заедно со соодветна временска рамка за нивна имплементација и санкции кои се ефикасни, одвраќаат и пропорционални за прекршоците сторени од јавни или приватни власти;

(и) Да доделат средства за развој на соодветни и доволни услуги за поддршка за сите лица со попреченост кои се насочувани од страна на лицата / прилагодени на корисникот и со кои тој или таа сам или сама може да управува, како што се лична асистенција, водичи, читачи и професионално обучени толкувачи на знаковен јазик или други толкувачи;

(ј) Да креираарт тендерски постапки за обезбедување на услуги за поддршка за лицата со попреченост кои живеат самостојно во заедницата кои ја земаат предвид нормативната содржина на член 19;

(к) Да воспостават механизми за следење на постоечките институции и станбени услуги, стратегии за деинституционализација и спроведување на самостојното живеење во заедницата, имајќи ја предвид улогата на независните рамки за следење;

(л) Да ги спроведуваат следењето и имплементација предвидени со член 19 во целосна консултација со и учество на лицата со попреченост, преку нивните претставнички организации.